Врз основа на член 75 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ бр.161/19“) и член 16 од Правилникот за пофалби и награди, директорот при ООУ „Живко Брајковски“ Бутел, Скопје го објавува следниот оглас

О Г Л А С

за избор на ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение и
првенец на генерација од IX одделение за учебната 2024/2025 година

Се известуваат учениците од петто до деветто одделение дека врз основа на правилникот за номинирање, избор и прогласување ученик на генерација и пофалени ученици при ООУ „Живко Брајковски”- Бутел, Скопје се распишува конкурс за избор на УЧЕНИК и ПРВЕНЕЦ НА ГЕНАРАЦИЈАТА.

Право на учество за избор на ученик на генерација од V, VI, VII и VIII одделение и првенец на генерација од IX одделение за учебната 2024/2025 година имаат сите ученици од овие одделенија кои ги исполнуваат долу наведените критериуми, а се однесуваат на тековната учебна година. Истите ќе ги поткрепат со **копии** од доказите кои ги поседуваат.

Првенец на генерација се избира од редот на учениците кои завршуваат деветто одделение во тековната учебна година. За првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој покажува примерен однос во училиштето и надвор од него, покажува континуиран одличен успех по сите наставни предмети, постигнува успеси на натпревари, активно учествува во слободните ученички активности, учество во проектни активности, хуманитарни акции, активно учествува во работата на ученичките организации, има освоено награди, дипломи, признанија и сертификати.

Заинтересираните кандидати да достават **пријава** со листа на приложени копии од потребните документи и CV- кратка биографија во училиштето односно до Комисијата за избор на ученик на генерацијата и првенец на генерација најдоцна до **31.05.2025** година.

12.5.2025 ВД директор

Скопје Магдица Пеева